# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12 и 168/12) во член 78 во став 1 по точката 11) се додава нова точка 11)а која гласи:

“11)а - дава услуги и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта без да поседува овластување согласно член 64 став 4 и 66-д од овој закон и”

Член 2

Во член 66 во став (1) во точката (2) по зборовите “Државниот инспекторат за транспорт,” се додаваат зборовите “Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија,”.

Член 3

Во член 79 во ставот 3 по бројот “9” се додава бројот “10”.

Член 4

Средствата од глобите изречени со платен налог од страна на државните инспектори за патишта, како и средствата од глобите изречени во прекршочна постапка поведена по барање од државните инспектори по патен сообраќај се приходи на Буџетот на Република Македонија.

Средствата од глобите изречени со платен налог од страна на овластените инспектори за патишта на општините или овластени инспектори за патишта на градот Скопје, како и средствата од глоби изречени во прекршочна постапка по барање овластените инспектори за патишта на општините или овластени инспектори за патишта на градот Скопје, се приходи на општините или градот Скопје.

Член 5

Доставувањето на известувањата и одлуките на Комисијата за одлучување по прекршоци се врши согласно со одредбите од Законот од општата управна постапка.

Ако живеалиштето на лицето на кое известувањето или одлуката треба да му се достави е непознато за органот чие писмено се доставува или лицето е иселено, Комисијата за одлучување по прекршоците ќе го истакне известувањето, односно одлуката на огласна табла во Министерството за транспорт и врски и со истекот на осум дена од денот на истакнувањето на огласната табла во Министерството за транспорт и врски ќе се смета дека доставувањето е уредно.

Член 6

Се овластува Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавните патишта

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Македонија“.